# И Н Ф О-К О Ч А Н И

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ФЕВРУАРИ 2025 г.





**Одбележана 153-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев**

По повод 153-годишнината од раѓањето на македонскиот национален херој, организатор и водач на македонското револуционерно движење – Гоце Делчев, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и директорот на ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Драган Трајчев со општински и училишни делегации, положија свежо цвеќе на бистата на Гоце Делчев во дворот на Подрачното училиште во Горни Подлог.

Годишнината од раѓањето на најголемиот македонски револуционер беше одбележана со стихови и со историски осврт во сеќавање на неговото дело.

Во програмата посветена на Гоце Делчев учествуваа наставници и ученици од Подрачното училиште во Подлог.





**Градоначалниците на Кочани, Виница, Зрновци и Чешиново-Облешево потпишаа договор за преземањето и третманот на комуналниот отпад на Градската депонија во Кочани**

Градоначалниците на општините Кочани, Виница, Зрновци и Чешиново-Облешево, Љупчо Папазов, Миле Петков, Борчо Коцев и Далибор Ангелов потпишаа Договор во врска со преземањето и третманот на комуналниот отпад на Градската депонија во Кочани.

Според договорот, општините Виница, Зрновци и Чешиново-Облешево имаат обврска да плаќаат по 220 денари за метар кубен отпад депониран на депонијата во Кочани. Количините на депонираниот отпад ќе се утврдуваат на дневна основа, според носивоста на

| | |
|---|---|
| | возилата.<br><br>Општина Кочани преку КЈП „Водовод“ ќе презема активности за управување со депонијата во Кочани.<br>Доколку произлезат прашања коишто не се предвидени со овој договор, тие дополнително ќе се уредат со анекс. |
|  | **Започна реализацијата на проектот D Days од програмата Еразмус +**<br><br>Општина Кочани го започна учеството во проектот од програмата Еразмус +, D Days, заедно со партнери од Грција, Португалија и Хрватска.<br><br>Проектот има за цел креирање на стратегија и учество во активности за подобрување на целокупниот живот на лицата со попреченост.<br><br>Активностите се однесуваат на заедничко учество на лицата со попреченост со други нивни врсници со практикување спорт, уметност, јога и драма. |
| <br><br> | **Уредување на детското игралиште кај „Колор“ и на паркот во Стришани**<br><br>Во рамките на активностите за обновување на терените за игра на децата во Кочани,  освежено е детското игралиште кај „Колор“. Теренот за баскет е обележан и е поставена нова табла со кош, поправени и пребоени се постојните реквизити. Непосредно до детското игралиште се засадени нови дрвца.<br><br>Во завршна фаза е и реконструкцијата на паркот во Стришани, каде што се изградени нови жардиниери со нови седалки,  пешачката и парковската зона се поплочени со павер елементи, поставена е нова атмосферска канализација со нови олуци на зградите, нови клупи и фонтана.<br><br>Уредувањето на паркот во Стришани се реализира со средства од буџетот на Општина Кочани преку младински активизам, со цел да биде оформен простор од младите за младите. Младинската иницијатива е преку здружението „Еко тим Исток“ заедно со младинските совети од двете средни кочански училишта, кои учествуваа со изработка на дел од елементите во паркот. |
| | **Сообраќајна акција „Алкохолот и воланот не се добар пар“** |





Под мотото „Алкохолот и воланот не се добар пар“, на 14 февруари на сообраќајниците во Кочани се реализираше превентивно-едукативна сообраќајна акција.

Во организација на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, во соработка со ОВР Кочани, Општина Кочани и ученици од ОУ „Свети Кирил и Методиј“ возачите на моторни возила беа предупредувани на забраната за управување на моторно возило под дејство на алкохол.

Учесниците во акцијата делеа летоци со едукативна содржина, како потсетување на возачите за важноста на почитувањето на правилата и прописите и опасностите од возење во алкохолизирана состојба.

Целта на оваа кампања е да се апелира за одговорно учество во сообраќајот и внимателно возење, за поголема сообраќајна култура, почитување на сите учесници во сообраќајот и издигнување на безбедноста на сообраќајот на повисоко ниво.





**Општина Кочани подготвува план за одржлива урбана мобилност и подобрување на условите во сообраќајот**

На 14 февруари во Кочани се одржаа работна средба и јавна консултација за изработка на план за одржлива урбана мобилност за Кочани. Активностите се дел од Проектот за поврзување на локалните патишта што се реализира во соработка со Министерството за транспорт, со поддршка од Меѓународната банка за обнова и развој.

Главната цел на проектот е да се подобри пристапноста, одржливиот начин на транспорт, безбедноста во сообраќајот во урбаните средини и да се унапреди квалитетот за живеење. Методологијата за изработка на плановите ја претставија стручни консултанти од компании од Италија и Турција.

Изработка на плановите ќе трае една година, а потоа уште една година ќе се работи на јакнење на јавната свест и унапредување на условите во сообраќајот во урбаните средини.

Кочани е една од петте општини во државата каде што се реализира овој проект.

**Ученици од Крижевци зимуваат на Пониква**

Во рамките на соработката меѓу двата збратимени града Кочани и Крижевци, осуммина ученици од Основното училиште „Људевит Модец“ од Крижевци, Република Хрватска, престојуваат на Пониква.





Основците придружени од директорот на училиштето Томислав Богдановиќ и наставничката Сузана Балиќ, велат дека уживаат во убавините на Осоговските Планини.

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов ги посети гостите кои му ги пренесоа впечатоците од престојот на Пониква. Наредниве денови службите од Општина Кочани организираат повеќе содржини и средби со врсници од Кочани.

Зимувањето на дел од најдобрите ученици од Крижевци го обезбедува Општина Кочани. Соработката меѓу двата збратимени града, воспоставена во средината на осумдесеттите години, Градот Крижевци овозможува летување на островот Паг на учениците на генерацијата од осумте училишта од Кочани.








**Завршница на проектот Истражување на јавната вредност на технологијата – случај на дигиталната платформа мЗаедница**

Центарот за социјални иновации Блинк 42-21 и Општина Кочани денеска организираа завршен настан во рамките на проектот „Истражување на јавната вредност на технологијата – случај на дигиталната платформа мЗаедница“.

Во присуство на граѓани, младинци, претставници на јавната администрација и на Институтот за европски политики од Скопје беа презентирани резултатите од спроведениот проект, од унапредувањето на дигиталната писменост во општината и беше презентиран документот за јавна политика.

Претходните месеци со проектот беа реализирани консултации со засегнати страни, сесии со групи граѓани со тешкотии во пристапот кон услугите, а минатата седмица со младинци од Кочани беше реализирана анкета за приоритетите на граѓаните, со која преку дигиталната алатка „мЗаедница“ беа опфатени 1305 испитаници.

– Реализацијата на анкетата поврзана со прашања од јавен интерес од локално значење, во чиј фокус беа мислењата на младите, поттикна младински активизам во технологијата, активизам што за нас е многу важен. Вака разработената алатка за двонасочна комуникација со граѓаните, нам, како Општина, останува да ја користиме максимално. Со „мЗаедница“ имаме проширена понуда на дигитални општински услуги и можност за понатамошно развивање на дигиталната трансформација на Општина Кочани – истакна на настанот секретарот на Општина Кочани Драган Ананиев.

Проектот „Истражување на јавната вредност на технологијата – случај на дигиталната платформа мЗаедница“ влијае не само на зајакнувањето на капацитетите на локалната администрација во понудата на дигитални јавни услуги туку и во употребата на податоци за локално стратешко планирање.

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ





**Советот на Општина Кочани ја одржа 59. Седница**

На 59. седница што Советот на Општина Кочани ја одржа на 26 февруари 2025 година беа усвоени Програмата за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комуникација на Општина Кочани за тековната година.

Советот донесе Одлука за сопствено учество – кофинансирање на проектот „Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР)“; даде согласност за примање донација од КЈП „Водовод“ за Основниот проект за атмосферска канализациска мрежа за дел од градот Кочани (северно од фабриките „Руен“ и „АТОМ“), како и за примање донација од Друштвото за трговија и услуги „Електрика“ и Одлука за изменување и дополнување на одлуката за давање на трајно управување и користење без надомест на движни ствари на КЈП „Водовод“ – Кочани.

Советот ги усвои измените и дополнувањето на одлуката за давање на трајно управување и користење без надоместок на КЈП „Водовод“ – Кочани, на две фотоволтаични централи со моќност од 440 kw и 120 kw и опрема за намалување на загубите за вода, а ја дополни и Одлуката за давање на трајно користење, одржување и управување без надоместок на објектот „Детелинки“ со седиште во Кочани на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани.

Со одлука Советот ги утврди просечните цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2025 година, а усвои и Заклучок во врска со Извештајот за работењето на Надзорно тело за вршење мониторинг и давање поддршка при реализација на Програмата за јавна чистота и третманот на отпад на територија на општина Кочани, изнесен усно на седницата.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**